**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

Бр. 03-1154/1
24-06-2022

Скопје

Врз основа на член 75 од Статутот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со Законот за заштита на укажувачи (Сл. весник 196 од 10.11.2015 година) и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување (Сл. весник 46 од 8.3.2016 година), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

за определување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи

I. Маргарита Шукулоска, вработена на Факултетот како секретар, се определува за овластено лице за прием на пријави од укажувачи.

II. Лицето од став 1, во својство на овластено лице за прием на пријави од укажувачи е должно:

- да ги почитува процедурите утврдени со Правилникот за заштитено внатрешно пријавување (Сл. весник 46 од 8.3.2016 година);
- да ги заштити личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци;
- да го информира укажувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата;
- да изготви соодветни процедури и правилници согласно со Законот за заштита на укажувачи.

III. Решението стапува во сила со денот на донесување.

IV. Пимерок од Решението да се достави до именуван/-иот/-ата, Одделението за општи, правни работи и човечки ресурси, персоналното досие и Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Анета Дучевска

Универзитет Св. Кирил и Методиј * Република Северна Македонија * Филолошки факултет "Блаже Конески" СКОПЈЕ

Изработил:ГК
Одобрил:МШ